# И З Ј А В А
# ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР[1]

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што **УНИБанка АД Скопје,** како Контролор на лични податоци, ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и при користење на банкоматите, и како ги обработува овие податоци.

## 1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?

УНИБанка АД Скопје (во натамошниот текст: УНИБанка или Банката) собира лични податоци преку системот за видео надзор од следните причини (цели):

- Да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории...) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените, клиентите и посетителите во Банката, како и на имот или информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- За да се спречи, одврати и, доколку е потребно да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- Да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Банката, вработените, клиентите или посетителите, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).
- Да се спречи, открие и да се испита кражба на пари и да се заштитат клиентите при користење на банкоматите.

Системот за видео надзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го прекриваат околниот јавен простор.

Системот за видео надзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видео надзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видео надзор се инсталираат на надворешните и внатрешните ѕидови од објектите кои ги користи Банката и се поставени и фокусирани така што ќе снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (објекти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).

Системот за видео надзор ја опфаќа областа на влезните и излезните места на објектите кои ги користи Банката и дел од нивната надворешна површина.

Воедно, камерите за видео надзор се инсталираат на банкоматите кои се поставени од страна на Банката и снимаат за време на извршување на трансакцијата.

## 2. Какви податоци собираме?

Банката собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

## 3. Кој е одговорен за обработка на податоците?

---

[1] Изјавата за приватност за вршење на видео надзор е поставена на веб страната на Банката и се однесува на видео надзорот во објектите на Банката, но и на видео надзорот на банкоматите.

Банката е Контролор кој ја врши обработката на личните податоци и го утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа, директорот на Дирекција сигурност е лице за контакт и одговорно лице за видео надзорот.

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видео надзор?**

Банката користи опрема за видео надзор за:

- Заштита на сопственоста,
- Заштита на животот и здравјето на вработените и
- Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од деловните простории на Банката за безбедносни цели.

Камерите за видео надзор кои се поставени на банкоматите се користат за:

- Заштита на сопственоста,
- Заштита на клиентите од потенцијални измами при трансакции на банкомат.

Правниот основ за поставување на видео надзор е легитимниот интерес на Банката за да ги постигне овие цели. Затоа обработката е законита согласно член 10 став 1 алинеја 6, а во врска со член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа на влезот на објектите (дирекцијата, експозитурите и архивата) и на банкоматите, има видливо и јасно истакнато известување за видео надзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршење на видео надзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**5. Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор од страна на Банката. Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на раководството на Банката.

**6. Како да ги контролирам моите лични податоци?**

Може да испратите барање во електронска форма на zlp@unibank.com.mk и во писмена форма до Дирекцијата на УНИБанка на следната адреса: ул.„Максим Горки“ бр.6, 1000 Скопје.

**7. Можам ли да пристапам до моите лични податоци?**

Вие имате право да пристапите до Вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Дирекцијата на УНИБанка или до Офицерот за заштита на лични податоци на адресите наведени во **точката 6**.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видео надзор.

**9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите лични податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на Вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање во писмена или електронска форма на адресите наведени во **точката 6**, кога ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци, или кога на

Банката повеќе не и се потребни податоците за извршување на нејзините задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на опцијата за бришење на податоците. Сепак блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете Вашите податоци во секое време со испраќање на барање до Дирекцијата на УНИБанка или до Офицерот за заштита на лични податоци на адресите наведени во **точката 6**, кога обработката е незаконска.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат во Банката, освен ако не побарате од нас или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

**12. Дали имам право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање до Дирекцијата на УНИБанка или до Офицерот за заштита на лични податоци на адресите наведени во **точката 6,** кога имате легитимни причини во врска со Вашата конкретна ситуација. Банката ќе постапи по Вашето оправдано барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**13. Што можам да направам во случај на проблем?**

**a)** Прв чекор е да ја известите Банката на адресите наведени во **точката 6** и да побарате да преземе акција.

**b)** Втор чекор, доколку не добиете одговор од нас или не сте задоволни со одговорот, во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на лични податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по Вашето барање и ќе ги преземе потребните мерки.

**14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите или кога ги користите банкоматите на Банката.

**15. Безбедност на личните податоци**

Банката е посветена на заштита на Вашите лични податоци. Затоа, користиме безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат Вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме Вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16. Колку долго ги чувате моите податоци?**

Банката ги чува Вашите лични податоци од видео надзорот 30 календарски денови по Вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.

Снимките од видео надзорот може да се чуваат и подолго од 30 дена единствено доколку:

- е потребно согласно закон, но не подолго од исполнување на целите, и

- за остварување на легитимен интерес на Банката при водење на соодветни постапки согласно Закон, опишано во интерните акти на Банката.

Во секој случај по истек на законските рокови и исполнување на целите, сите снимени видео записи автоматски се бришат.